316.723-021.463:316.2

Mr. Kujtim Kasami[1]

# TEORITË PËR IDENTITETIN NË GLOBALIZIM

# ТЕОРИИ ЗА ИДЕНТИТЕТОТ ВО ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

# THEORIES OF IDENTITY IN GLOBALIZATION

**Abstract**

Thoughts of identity descend in epistemological field of cultural studies and relatively safe "comfortable" reflexes, that includes micropolitics of the power, respectively themes of physicality, sexuality, family, styles of life, the knowledge, the technology and etc. On the other hand withdraws the fact that even literature as art expresses paradigmatic area for provocative articulation exactly for those aspects which express personal identity, authenticity, multiplication, crisis and rejects of identity .But to be written to elaborate the question (or concept) of identity, today and here in Balkan -in Macedonia that means you have personally to present "tattooed" replica to the long-term provocation with which all we not only "regional" but also existentially we confront as its resident. The reason for articulation of the replica certainly varies between these (academic, theoretical, symposium, motives) or other motives (pulsating dynamics of history it gives direction to our attentions towards every mastering and adapting to the created changes and moving the Balkan identity). In this theme I will write about theories of identity and globalization, identity and culture, identity and religion.

Keywords: identity, culture, religion and national security

**Абстракт**

Промислувањето на идентитетот спаѓа во епистемиолошкиот домен на културните студии и релативно безопасните "удобни" рефлексии, што ја опфаќаат микро-политиката на моќта, односно, темите за телесноста, сексуалноста, семејството, стиловите на живот, знаењето, технологијата и сл. Од друга страна, се подвлекува фактот дека и самата

[1] PhD candidate, кандидат на докторски студии.

литература како уметност претставува парадигматичен простор за провокативно артикулирање токму на оние аспекти кои го обележуваат личниот идентитет: автентичноста, умножувањето, кризата и одрекувањето од идентитетот. Но, да се пишува, да се елаборира прашањето (или, концептот) на идентитетот, денес и овде, на Балканот, во Македонија - тоа значи да се приложи и своја, лично "истетовирана" реплика кон долготрајната и долгорочна провокација, со која сите ние, не само "регионално", туку и егзистенцијално, постојано се соочуваме како негови жители. А, самиот повод за артикулација на таа реплика, секако дека варира помеѓу едни (академски, теориски, симпозиумски мотиви) или други мотиви (пулсирачката динамика на историјата, веќе го пренасочува нашето внимание кон дневно совладување/прилагодување на настанатите промени и поместувања на балканските идентитети). Во ова тема ќе пишувам за: теории за идентитетот, идентитетот и глобализацијата, идентитетот и културата и идентитетот и религијата.

Клучни зборови: идентитет, култура, религија и национална безбедност

**Теории за идентитетот**

Општо говорејќи, темата "идентитет" е комплексна тема чие нагласување во критичката теорија и медиумското истражување на културните студии продолжува и денес. Додека концептите и на индивидуалниот и на колективниот идентитет историски се имаат појавено главно во врска со психоаналичката и социјално/психолошката теорија, критичкиот пристап, на пример, кон националниот идентитет, вклучувал и учења од глобализацијата, книжевната теорија, критичката теорија за расите, феминизмот и постколонијални критики, меѓу другите перспективи. Овие различни основи на поимот на идентитет не принудуваат да направиме избор околу врамувањето на истражувањето, барајќи јасна работна дефиниција за "идентитетот" како почетна точка.[2]

Терминот идентитет потекнува од лат. idem, со значење на континуитет, истоветност и постојаност.

Во 20-тиот век неговата употреба се популаризира и дискусиите за идентитетот главно се поврзуваат со неговото психофизичко или политиколошко поимање.

[2] Zala Volcic, Journal for Politics, Gender, and Culture vol. 5/No. 1Winter 2006.

Во Фројдовата психоаналитичка теорија на идентификација се истакнува дека секое дете супер егото на неговите родители вообичаено го апсолвира преку надворешните личности и објекти, но дека внатрешната основа на психичката структура си има свој континуитет-постојан (често и конфликтен) идентитет. Ерик Ерсон (психо-историчар) смета дека идентитетот не е лоциран само во основата на индивидуалноста[3] и во културата на заедницата. Согласно ова, а по повод Втората Светска војна, го воведе терминот криза на идентитетот, референца за пациентите кои ја изгубиле смислата за сопствената лична постојаност и историскиот континуитет. Подоцна терминот стануваше се поупотреблив во општествено-политичкиот контекст.

Филозофот Мишел Фуко (Michel Foucault) зборува за агенсите на идентитетот... и укажува дека ние како индивидуи имаме повеќе идентитети.[4] Клучни се две димензии. Прва: различните дискурси создаваат специфични и често дивергентни позиции на агенсите со идентитетите. Оние коишто се насочени кон религијата, државата, спортот, потрошувачката, креираат нови верзии за нас самите, и е често одвоени едни од други па дури и контрадикторни верзии за нас самите. Така, ние стануваме посветени верници, плаќачи на даноци, фудбалски навивачи и хедонисти.

Втората димензија се однесува на мулти-идентитетите кои се во корелација со поголемите структури како што се класите, етницитетот, расата, полот, сексуалноста. Тие не се дискретни и одвоени едни од други, напротив тие се во интеракција.

Бурдие го анализирал диференцирањето на идентитети во “светот-живот” го проучува раслојувањето во димензијата на културата, во нејзината широка антрополошка смисла. Него не го интересира анализата на општественото раслојување само по себе, туку го интересира врската помеѓу општественото раслојување и општествените практики на индивидуите и општествените групи. Проектот на Бурдие цели кон разбирање на светот низ процесот на позиционирање кој што разоткрива нешто за начинот на кој моќта се структурира во вкус. Уметноста и конзумирањето на културата

[3] A Dictionary of Sociology, edited by Gordon Marshall, Oxford Universitety Press, London, 1998.

[4] A Dictionary of Sociology, edited by Gordon Marshall, Oxford Universitety Press, London, 1998.

се предодредени, свесно и намерно, или пак не, да ја исполнат општествената функција на оправдување на општествените разлики.[5]

Важно е да се истакне дека Бурдие понуди моќна анализа на “вкусот”, во сите негови значења, од избор на уметност до избор на облека, мебел, до вкус за храна, и како унифицирана предметна тема и како метод за произведување и репродуцирање на разлики во моќта помеѓу општествените идентитети. Одејќи уште понатаму, за Бурдие моќта е моќ за доминација, за контрола, за победа. Таа не е моќ за негување, за инспирирање, за споделување, за согласување, за соработување. Таа не е моќта, општо гледано, во која треба човек да се вклучи, да се вклучи со други во општествените практики. Тој тврди дека моќта секогаш ја користат фактори кои што се стремат кон неа во разни полиња на општествениот простор. Неговото главно дело “*Дистинкција”*, е посветено токму на симболичката конкуренција во сфери како што се уметноста, спортот, читањето весници, внатрешна декорација, консумирање на храна, навики на јазикот, телесна естетика. Бурдие тврди дека разликите коишто се појавуваат се исто така и дистинкции на избори направени спротивно на оние коишто се креирани од лица со поинакви идентитети.

Идентитетите и практиките, инсистира Гросберт, се конституирани “низ многубројни рамништа и димензии, кодови и структури, како резултат на особени напори за артикулирање на одредени низи на ефекти” (1995, 76). Политичкиот конфликт не се генерира единствено преку класни поделби, туку исто така произлегува, меѓу другото, од тензии кои се поврзани со родовите, расите и сексуалноста.

Хибридните културни идентитети[6] се најсвежата кованица што ја наведуваат социолозите, а тие се однесуваат на расните или етничките идентитети. Тие се продукт на мешањето и фузиите произлезени од транснационалните движења на вредностите во меѓународниот културен сообраќај, но датираат уште од времето на трговијата со робовите. Тие не се резултат на асимилација на

---

[5] Zala Volcic, French theory and media studies: What can media cultural studies learn from M. Foucault, P. Bourdieu and J.P. Sartre?,, Identities Journal - Journal for Politics, Gender and Culture,, Скопје, 2006.

[6]A Dictionary of Sociology, edited by Gordon Marshall, Oxford Universitety Press, London, 1998.

една култура врз друга, туку се производ од нешто сосема ново. Во тесна врска се и т.н. дијаспорни идентитети.

Денес тренд се две верзии за теориите на идентификацијата.

Оптимистичката, согласно која пост-модерниот свет ни нуди можност да си избереме што сакаме од широкиот асортиман на идентитети што ни се нудат. Сево ова е конструктивно и води кон индивидуален прогрес, автоматски и во колективна благосостојба (либерален концепт). За разлика од нив песимистите зборуваат за масовното општество на отуѓувањето. Така, психодинамичната школа нагласува дека постои отсуство на границата меѓу нас самите и културата и дека е во пораст нарцистичката персоналност.[7]

Во пост-комунистичките земји, оваа персоналност може да се идентификува кај мал број луѓе, нив се уште ги влечат идентификации врзани за колективното живеење во заедница. Особено се приврзани за етнозаедниците каде чувството за припадност слободно може да се реализира. Транзицискиот амбиент станува непријатен во точката кога поради други и незадоволени потреби (на пр. Економски) се таложат фрустрации.[8]

Во теоријата и практиката на меѓународните односи, по Студената војна доминираа реалистичните и неореалистичните теоретски формулации на Ханс Моргентау, Кенет Валц и други научници и практичари со слични ставови. Реалистичниот поглед е ориентиран кон државата и стриктно ја дефинира националната безбедност во рамките на суверенитетот, а се фокусира, ,на материјалните способности, употребата и контролата врз воените сили од страна на државата,,.[9] Дефиницијата на Ричард Улман (Riçard Ulman) за национална безбедност беше широко распространета во овој период. Според него,, ,безбедноста се дефинира и се оценува според заканите (против државата)". Со ова се мисли на настаните кои “драстично се закануваат и во текот на релативно краток временски период го деградираат квалитетот на живеење на жителите на државата и (или) го стеснуваат опсегот на политичкиот избор кој и е на располагање на владата на една држава

[7] Ana Cupeska, Politiçka misla.br. god. str.80.
[8] Po opsirno vidi kaj: James A. Brussel, MD, The Layman’s Guide to Psychiatry.
[9] Peter J. Katzenstein, Introduction: Alternative Perspectives on National Security, in Peter J. Katzenstein, ed., The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics (New York: Columbia University Press, 1996), p. 9.

или на приватни, невладини целини (лица, групи, корпорации) во состав на државата”.[10]

**Идентитетот и глобализацијата**

Крајот на Студената војна и забрзаната глобализација се спротивставуваат со овој став кон овој поглед на националната безбедност кој ги “маргинализира културата и идентитетот”. [11] Теоријата на реалистичните меѓународни односи имаше големи тешкотии да им се противстави на “ерупцијата на сепаратистичкиот национализам” и на новиот глобален поредок кој “многу побрзо се преобразува културно отколку што се менува географски и економски”.[12] Врз основа на гледиштата на В. Блум, Лизбет Агестан и Адријан Хајд-Прајс се истакнува дека “крајот на конфликтот меѓу Истокот и Западот произведе нова серија неизвесности и несигурности. Многу различни заедници и колективитети се обидоа да го идентификуваат својот нов идентитет во еден се пофлуиден, подинамичен и многуполарен свет - еден свет кој се повеќе се крши меѓу контрадикторните сили на економската глобализација и продлабочената економска меѓузависност, од една страна, и политичката фрагментација, распаѓањето на мултинационалните држави и центрифугалните сили, од друга”.[13] Линда С. Бишаи се противставува на ова и истакнува дека “отидени се деновите кога безбедноста беше очигледно “национална” и кога “националното” очигледно се однесуваше на територијалната држава”.[14]

Според теоретичарите на безбедносните прашања, се навестуваше потребата за реформулирање на националната безбедност. Роналд Л. Џеперсон, Александар Вент и Питер Ј. Каценстајн ги дефинираат широките параметри за новата концептуализација.

[10] Richard Ullman's definition is cited by Lisbeth Aggestam and Adrian Hyde-Price, Introduction, in Lisbeth Aggestam and Adrian Hyde-Price, eds., Security and Identity in Europe: Exploring a New Agenda (London: Macmillan Press Ltd, 2000), p. 5.

[11] Yosef Lapid, Culture's Ship: Returns and Departures in International Relations Theory, in Yosef Lapid and Friedrich Kratochwil, eds., The Return of Culture and Identity in IR Theory (Boulder: Lynne Rienner Publishers, 1996), p. 3.

[12] Ibid., p. 4

[13] Aggestam and Hyde-Price, Introduction, p. 7.

[14] Linda S. Bishai, Secession and Security: the Politics of Ethno-Cultural Identity, in Aggestam and Hyde-Price, eds., Security and Identity, p. 154.

Тие се спротивставуваат на тоа дека во периодот по Студената војна “опкружувањето на националната безбедност во кое се сместени државите се повеќе културни и институционални а помалку само материјални”.[15] Во своето дело Каценстајн потенцира дека идентитетот и културата “стануваат се поизразени”.[16] Агестам и Хајд-Прајс се уште подиректни. Тие гледаат “круцијална поврзаност меѓу безбедноста и потрагата по идентитетот” дотаму што велат дека “идентитетот и безбедноста се интимно поврзани”.[17]

**Идентитетот и културата**

Што се тоа култура и идентитет и како тие влијаат меѓусебно во глобализација? Културата ги опфаќа оценувачките и сознаените критериуми. Според зборовите на Теодор Шварц, “културата се состои од деривати на искуство, повеќе или помалку организирано, стекнато или создадено од индивидуите на една популација, вклучувајќи претстави и кодирања и нивни интерпретации (значења) кои се пренесуваат од минатите генерации, од современиците, или пак се креираат од самите индивидуи”.[18] Културата помага во дефинирањето на природата на една земја, на идиосинкретичните и општествените норми, и влијае врз доктрината и политиката за национална безбедност. Според зборовите на Џеперсон, Вент и Каценстајн “културната средина влијае не само врз иницијативите за поинакво однесување на државата туку и врз основниот карактер на државата, она што ние го нарекуваме државен идентитет”.

Ако културата е дрвото, тогаш идентитетот е плодот или цветот на тоа дрво. Според социологот Мануел Кастелс, идентитетот е “процес на создавање на значењето врз база на културниот атрибут или на односна група културни атрибути кои имаат приоритет врз другите извори на значење”. “Идентитетот”, продолжува тој, “е народен извор за значењето и искуството”. [19] Меѓутоа, идентитетот не е монолитен и, според Кастелс, тој се појавува во

[15] Ronald L. Jepperson, Alexander Wendt, and Peter J. Katzenstein, Norms, Identity, and Culture in National Security, in Katzenstein, ed., The Culture of National Security, p. 33.
[16] Katzenstein, Introduction, in Katzenstein, ed. The Culture of national Security, p. 2.
[17] Aggestam and Hyde-Price, Introduction, pp. 6-8.
[18] Theodore Schwartz's definition in cited by Kevin Avruch, Culture and Conflict Resolution (Washington, D. C.: United States Institute of Peace Press, 1998), p.17.
[19] Manuel Castells, The Power of Identity (Oxford: Blackwell Publishers, 1997), p. 6.

три облици: озаконување, отпор и проект. Озаконувањето на идентитетот го прават и го бранат “доминантните институции на општеството”, што најчесто води кон национализам со намера да “се прошири и да се рационализира нивното доминирање наспроти општествените фактори”. Наспроти тоа, отпорот спрема идентитетот се врзува за угнетувањето и “се произведува од оние актери кои живеат во девалвирана состојба/услови и/или се стигматизирани” од доминантната култура. Конечно, проектот на идентитетот се однесува на напорите на една општествена група за “градење на нов идентитет” за себе. Правејќи го тоа, таа група ги дефинира сопствените ставови и истовремено “бара трансформација на севкупната општествена структура”. Кастелс го цитира феминистичкото движење како пример за градење на проектот на идентитет .[20]

Куп субјективни и објективни фактори придонесуваат за градењето на идентитетот. Таквото градење на идентитетот во себе си ги вклучува верата, историјата, географијата, биологијата, етникумот, како и другите реални или измислени елементи. Меѓутоа, Кастелс истакнува дека “индивидуите и општествените социјални групи ги обработуваат овие материјали и го преиначуваат нивното значење според општествените детерминанти и културни проекти кои имаат корени во својата социјална структура и во просторот/времето”.[21]

**Идентитетот и религијата**

Во светот, по Студената војна верата се појавува како најзначајниот блок во градењето на идентитетот, за што сведочат оживеаните верски активности во Источна/Централна Европа и во советските и југословенските држави-наследнички. Маркс беше повторно заменет со Исус како извор на мудрост и општествена правда. Бенедикт Андерсон ја става религијата во центарот на “културните системи”,[22] додека Доналд Смит докажува дека во транзиционите општества верата е “најзначајниот израз на

[20] Ibid., p. 8.
[21] Ibid., p. 7.
[22] Benedict Anderson, Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism (London: Verso, 1983), p. 12.

основните идеи, однесувања и претпоставки во една култура".[23] Цитирајќи го Клифорд Гитц Дајана Кендал мисли дека "религијата воспоставува моќни и значајни начини и мотивации за да им овозможи на луѓето да го преведат значењето на животот и да си заземат правец за своето однесување".[24] Самуел Хантингтон е уште погласен и религијата ја означува како главен елемент одговорен за судирот меѓу цивилизациите. Според него, "религиите му даваат идентитет на народот со тоа што прават основна дистинкција меѓу оние кои веруваат и оние кои не веруваат, меѓу супериорната водечка група и една друга инфериорна група".[25] А за разлика од други блокови за градење на идентитетот, религијата има значајна политичка предност во репродуцирањето на својот "ние" идентитет со генерации, на повеќе или помалку автоматски начин.[26] Освен тоа, научниците се согласуваат дека индивидуите или групите можат да имаат повеќе идентитети и дека идентитетот се гради, може да се менува, и да се согледува во односот со другите. Хантингтон забележува дека "идентитетот на секое ниво - лично, племенско, расно или цивилизациско - може да се идентификува само во однос на некој "друг" - друга личност, племе, раса или цивилизација".[27] Тој го проширува своето гледиште со зборовите дека "луѓето го дефинираат својот идентитет според она што не се".[28]

**Идентитетот и национална безбедност**

Ова е уште позначајно по прашањето за националната безбедност, особено по Студената војна. Во зависност од градителите, времето и просторот, идентитетот и неговото значење можат или да се изедначат со него, или да се сместат на граничната линија. Како што велат Џеперсон, Вент и Каценстајн "интересите на

[23] Donald Eugene Smith, Religion and Political Development (Boston: Little, Brown and Company, 1970), p. 169.
[24] Diana Kendall, Sociology in Our Times: The Essentials, 3rd ed. (Belmont: Wadsworth/Thomson Learning, 2002), p. 356.
[25] Samuel P. Huntington, The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order (New York: Simon & Schuster, 1996), p. 96.
[26] Ole Waever, Societal security: the concept, in Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup and Pierre Lemaitre, eds., Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe (New York: St. Martin's Press, 1993), p. 23.
[27] Huntington, The Clash of Civilizations, p. 129.
[28] Ibid., p. 67.

националната безбедност често зависат од извесно градење на сопствен идентитет споредено со замислениот идентитет на другите”.[29] Ова може да ја создаде основата на “колективната културна логика која води кон наше и нивно осознавање”.[30] Цитирајќи ги М. Залевски и Синтија Енло, Хајд-Прајс пишува дека “идентитетот сега е неонски осветлен, бидејќи крајот на Студената војна им отвори простор на луѓето повторно да го проценат својот идентитет и на групите да полагаат право на својот идентитет честопати како одговор на една согледана закана”.[31] Агестам и Хајд-Прајс се на иста линија кога истакнуваат дека “потрагата по идентитетот во Европа по Студената војна - најчесто според етно-национални критериуми - главно е мотивирана од желбата за безбедност од името на заинтересираната заедница”.[32]

Со желба да се пополни концептуалниот вакум на националната безбедност по Студената војна, Бари Бузан нуди дефиниција која му дава предност на традиционалниот државен суверенитет, како и на интересите на идентитетот и културата. За Бузан “безбедноста е потрага по слобода по заканата и способноста на државите и општествата да го зачуваат својот независен идентитет и функционален интегритет наспроти силите на промената кои се навидум непријателски”.[33] Како надградба на делото на Бузан, Оле Вивер предлага концептуализација заснована врз “дуализам на државната и општествената безбедност”. Вивер смета дека додека државната безбедност се однесува на суверенитетот, општествената безбедност се однесува на заканите против идентитетот на општеството (ако едно општество го загуби својот идентитет, тоа нема да опстане како општество).[34] Тој гледа на општествената безбедност како на “способност на едно општество да истрае во својот есенцијален карактер во променливи услови и можни или тековни закани. Поточно, се работи за истрајност во рамките на прифатливите услови за еволуција на традиционалните примери

[29], Wendt, and Jepperson Katzenstein, Norms, Identity, and Culture, p. 60.
[30] Aggestam and Hyde-Price, Introduction, p. 6.
[31] Adrian Hyde-Price, Reflections on Security and Identity in Europe, in Aggestam and Hyde-Price. eds., Security and identity, p. 25.
[32] Aggestam and Hyde-Price, Introduction, p. 7.
[33] Buzan's definition in cited by ibid., p.26.
[34] Waever's work is cited by Paul Roe, The Societal Security Dilemma, in Aggestam and Hyde-Price, eds., Identity and Security, p. 139.

на јазикот, културата, здружувањето и верскиот и националниот идентитет и обичаи. Општествената безбедност се однесува на состојбите кога општествата согледуваат закана по својот идентитет”.[35]

Спротивставувајќи се на аргументите на Вивер, Пол Ро ги одредува заканите за општествена безбедност. Тој се согласува дека такви закани се јавуваат кога индивидуите во општествата стануваат свесни дека нивниот идентитет е загрозен. Ова најчесто е резултат на “угнетување на културниот израз до создавање пречки за репродуцирање на сопствените традиции и начин на живот”. Чувствувајќи се загрозени, општествата одговараат со јакнење на сопствениот општествен идентитет. Од своја страна, ова води кон создавање општествена безбедносна дилема, кога дејствата на едно општество во обид да ја зголеми својата општествена безбедност (јакнејќи го својот идентитет) создаваат реакција во едно друго општество, што конечно ја смалува општествената сигурност во првото општество (на тој начин слабеејќи го неговиот идентитет)”. [36] Според зборовите на Бузан, “безбедноста на едно општество може да биде загрозена од сето она што идентитетот означен како ние го става во опасност”. Меѓутоа, поимањата за идентитетот можат да бидат различни и во рамките на едно исто општество. Бишаи тврди дека, ,и покрај заедничкиот јазик, вера, култура или други обележја на идентитетот, членовите на една група никогаш не можат да одржат идентични перспективи, па според тоа секогаш ќе постојат идеолошки разлики". [37] Идентитетот, според Жан Мари Доменак (Jean Marie Domenaque), треба да се восп􏰀риема и како вокација, а не само - детерминација. Идентитетот не е само (статично) прашање на зададеност, на следеност, природност, вистинистост - туку е исто толку (можеби и повеќе) прашање на изборност, менливост, развојност, динамичност. Проблемот на идентитетот, значи, не се состои само во констатацијата (констативноста) на она што сме, туку, уште повеќе, аспирацијата (конјунктивноста) на она што сакаме. Во таа смисла, потполно е соодветно укажувањето на Сандра Хардинг (Sandra Harding), дека

[35] Cited by ibid., p. 140.
[36] Barry Buzan, Societal security, state security and internationalisation, in Waever, Buzan, Kelstrup and Lemaitre, eds., Identity, Migration and New Security, p. 42
[37] Bishai, Secession and Identity, p. 159.

идентитетот подразбира и посветеност, активна грижа и ангажман во постојаниот напор на себе-преобликувањето.Идентитетот е практика, смета Џудит Батлер (Judith Butler). Во истиот дух е насочено и интуитивното реагирање на поетот Радован Павловски: проблемот не е само во тоа да имаме идентитет, туку и во тоа, што правиме со и од него. Повторно станува збор за дејственоста, како основна компонентана идентитетот. Меѓутоа, станува збор и за една, денес по малку занемарена категорија, како што е вредноста. Во врска со тоа, треба да се забележи и интригантниот парадокс на припадноста, на кого накратко се осврнува Милан Ѓурчинов. Во контекстот на својата расправа за тековните национални присвојувања на делата од балканските култури, тој резигнирано заклучува дека .припадноста стана далеку поважно од вредноста на културните добра.

Идентитетот зависно од тоа на кое рамниште и во кој контекст се аплицира, истовремено може да биде (да прерасне) во извор на нелагода, забрана, потчинување и анксиозност. Петар Крстев (Peter Krasztev), во духот на либералната позиција на одбирање (наместо помирување и апологија) на идентитетот, признава: никогаш не уживав во мислата за сопствениот идентитет: но, таков бил пристапот и на Кафка: на прашањето, што има заедничко со Евреите, тој ќе го даде следниот, парадоксален одговор: јас не знам што имам заедничко, ниту со себе самиот. Слично размислува и Пол Валери (Paul Valery): идентитетот е копнеж и енергија, а не - зададеност и материја.

**Заклучок**

Како најопшта и појдовна дефиниција за идентитетот би можела да ни послужи следната: идентитетот е збир на дистинктивни црти, што не прават различни од другите. Со оглед на тоа, категоријата идентитет е заснована врз диференцијалистичкиот модел и се темели врз концептот на разликата, исклучувањето, елиминација на "конкурентните" страни. Значи, мене ме прави распознатлива токму (и само) мојата инаквост по однос на некого друг, јас сум сето она што ниеден друг не е или не би можел да биде, и обратно.

Диференцијалистичкиот модел на толкување на идентитетите, меѓутоа, се засновува на прикриената елиминација. Сепак, концепцијата на идентитетот како разлика, и масериозна фалинка,

особено важна во случајот со културите каква што е и нашата: оваа концепција се покажува индиферентна спрема односите на моќта, кои ги сведува (а со тоа и ги неутрализира) само врз полето на културните разлики и шареноликости (Хардинг, 1998).

Толкувајќи ја бинарната поларизација на идентитетите, не треба да се заборави дека самиот идентитет е, всушност, последица на моќта: артикулацијата на себноста, но и самото востоличување на белегот (другоста), исто како и исцртувањето на границата и разграничувањето од другите - бездруго е показател (или доказ) на моќта и на своевидна политика на идентитетите. Сето тоа може да досегне и некои поексплицитни форми на артикулација: врз примерот со последните војни на Балканот, еден аналитичар ќе констатира: "насилството произведува идентитет". (П.Лиота, 2003).

Идентитетот, според Жан Мари Доменак (Jean Marie Domenaque), треба да се восприема и како вокација, а не само – детерминација. Идентитетот не е само (статично) прашање на зададеност, наследеност, природност, вистинитост - туку е исто толку (можеби и повеќе) прашање на изборност, менливост, развојност, динамичност. Проблемот на идентитетот, значи, не се состои само во констатацијата (констативноста) на она што сме, туку, уште повеќе, во аспирацијата (конјунктивноста) на она што сакаме да бидеме. Во таа смисла, потполно е соодветно укажувањето на Сандра Хардинг (Sandra Harding), дека идентитетот подразбира и посветеност, активна грижа и ангажман во постојаниот напор на себе-преобликувањето. Идентитетот е практика, смета Џудит Батлер (Judith Butler). Во истиот дух е насочено интуитивното реагирање на поетот Радован Павловски: "проблемот не е само во тоа да имаме идентитет, туку и во тоа, што правиме со и од него". Повторно станува збор за дејственоста, како основна компонента на идентитетот. Меѓутоа, станува збор и за една, денес по малку занемарена категорија, како што е вредноста. Во врска со тоа, треба да се забележи и интригантниот парадокс на припадноста, на кого на кратко се осврнува Милан Ѓурчинов. Во контекстот на својата расправа за тековните национални присвојувања на делата од балканските култури, тој резигнирано заклучува дека "припадноста стана далеку поважна од вредноста на културните добра" .

## Conclusion

Generally as a starting definition of identity could serve the following: identity is a set of distinctive traits that make us different from others. Given that, the category of identity is based on variability model and is based on the concept of difference, exclusion, elimination of "competing" countries. So makes me recognizable exactly (and only) my otherness in relation to someone else, I'm all that no one else has or could not be, and vice versa.

Variability model of interpretation of identity, however, is based on the hidden exit. However, the concept of identity as difference, and serious flaws particularly important in the case of crops such as ours, this concept proves to be indifferent towards relations of power that comes down (and thereby neutralize) only on the field of cultural differences and diversity (Harding, 1998).

Interpreting the binary polarization of identities should not be forgotten that the very identity is actually a result of power: articulation of the self, and by the enthronement mark (otherness), just like drawing a border and delimitation of others - is surely a indication (or proof) of power and a unique policy of identities. All that can reach some more explicit forms of articulation: the example of the recent wars in the Balkans, an analyst concludes, "Violence produces identity." (P.Liota, 2003).

The identity under Jean Marie Domenak (Jean Marie Domenaque), should be perceived as a vocation, not just - determination. Identity is not only (static) issue of, given as such, heredity, naturalness, truthfulness - but equally (perhaps more) matter of election, applicability, developmental, dynamism. The problem of identity, therefore, is not only the conclusion (conclusion) of what we are, but even more so, aspiration (conjunctive) of what we want to be. In this respect, it is fully appropriate indication of Sandra Harding (Sandra Harding), implies that the identity and commitment, active involvement in care and constant effort of self-transformation. Identity is a practice considered Butler Judith (Judith Butler). In the same spirit directed intuitively respond to the poet Radovan Pavlovski: "the problem is not just in it to have identity, but also that what we do with and of him." Again it is activity as main components of the identity. However, it is for one day a little neglected category as value. In this connection, it should be noted the intriguing paradox of belonging, who briefly refers Milan Gjurcinov.

In the context of his discussion on current national appropriation of the works of Balkan cultures, he resignedly concluded that "belonging has become far more important than the value of cultural achievements ."

**Користена литература**

Peter J. Katzenstein, Introduction: Alternative Perspectives on National Security, in Peter J. Katzenstein, ed., The Culture of National Security: Norms and Identity in World Politics (New York: Columbia University Press, 1996),

Richard Ullman's definition is cited by Lisbeth Aggestam and Adrian Hyde-Price, Introduction, in Lisbeth Aggestam and Adrian Hyde-Price, eds., Security and Identity in Europe: Exploring a New Agenda (London: Macmillan Press Ltd, 2000),

Yosef Lapid, Culture's Ship: Returns and Departures in International Relations Theory, in Yosef Lapid and Friedrich Kratochwil, eds., The Return of Culture and Identity in IR Theory (Boulder: Lynne Rienner Publishers, 1996),

Zala Volcic,Journal for Politics, Gender, and Culture vol. 5/No. 1Winter 2006

James A. Brussel, MD, The Laymans's Guide to Psychiatry, Barnes&Noble books adivision of harper & row[1] Aggestam and Hyde-Price, Introduction,

Linda S. Bishai, Secession and Security: the Politics of Ethno-Cultural Identity, in Aggestam and Hyde-Price, Manuel Castells, The Power of Identity (Oxford: Blackwell Publishers, 1997 eds., Security and Identi[1] Bishai, Secession and Identity

Ronald L. Jepperson, Alexander Wendt, and Peter J. Katzenstein, Norms, Identity, and

Aggestam and Hyde-Price, Introduction,

Theodore Schwartz's definition in cited by Kevin Avruch, Culture and Conflict Resolution (Washington, D. C.: United States Institute of Peace Press, 1998), publishers, New York, San Francisko, London, USA, 1967.

Zala Volcic French Theory and Media Studies

Ana Cupeska, Politiçka misla

Wendt, and Jepperson Katzenstein, Norms, Identity, and Culture,

Aggestam and Hyde-Price, Introduction,

Adrian Hyde-Price, Reflections on Security and Identity in Europe, in Aggestam and Hyde-Price. eds., Security and identity,

Waever's work is cited by Paul Roe, The Societal Security Dilemma, in Aggestam and Hyde-Price, eds., Identity and Security,

Barry Buzan, Societal security, state security and internationalisation, in Waever, Buzan, Kelstrup and Lemaitre, eds., Identity, Migration and New Security,

Bishai, Secession and Identity

Benedict Anderson, Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism (London: Verso, 1983),

Donald Eugene Smith, Religion and Political Development (Boston: Little, Brown and Company, 1970),

Diana Kendall, Sociology in Our Times: The Essentials, 3rd ed. (Belmont: Wadsworth/Thomson Learning, 2002),

Samuel P. Huntington, The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order (New York: Simon & Schuster, 1996),

Ole Waever, Societal security: the concept, in Ole Waever, Barry Buzan, Morten Kelstrup and Pierre Lemaitre, eds., Identity, Migration and the New Security Agenda in Europe (New York: St. Martin's Press, 1993).